# Формулар и договор за автобуски транспорт

Учебна година: ________________________________________

Заокружете го соодветното: ново семејство семејство кое продолжува

Изберете го времетраењето на услугата : прв семестар втор семестар целата учебна година

Превоз: еден правец двонасочен

Име и контакт-информации на родителот или овластениот(те) старател(и):

Име и презиме:

________________________________________________________________________________

Адреса:

________________________________________________________________________________

Домашен телефон :_____________________________ Мобилен телефон:___________________________________

E-mail:____________________________________________________________________________________________

Име на личноста која ќе го зема ученикот:_____________________________________________________________

Други посебни забелешки (здравствена состојба на ученикот и сл.)

________________________________________________________________________________

Ученик(-ци):

Име и презиме:____________________________________________________Одд:________Датум:_______________

Име и презиме:___________________________________________________ Одд:________ Датум:_______________

Име и презиме:___________________________________________________ Одд:________ Датум:_______________

Цената за користење на автобускиот превоз во текот на **еден семестар изнесува 850 евра по ученик** и може да се плати во евра или денарска противвредност (1 EUR = 62 MKD). Цената за автобуски превоз во еден правец изнесува **550 евра по ученик**, со приоритет на фамилии коишто се пријавени за превоз во двата правци. Во цената е вклучен и ДДВ (5%). Сумата мора да биде исплатена најкасно две недели од почетокот на превозот, во спротивно Вашето дете нема да биде во можност да ја користи оваа услуга. Цената треба да се уплати во целост и не може пропорционално да се подели. При откажување од услугата, на родителите ќе може да им биде вратен дел од платените средства само во случај кога друг ученик ќе го преземе празното место во автобусот. Во случај студентот да не може да користи транспорт поради активности кои вообичаено се одвиваат после училишните часови или се совпаѓаат со времето на превоз, паричните средствата не можат пропорционално да се поделат, т.е услугата се плаќа во целост.

Фактура со трошокот за услугата ќе биде издадена со приложување на пополнет и потпишан формулар и договор за автобуски превоз.

**Политика на поврат**
Износот на повратот ќе зависи од бројот на денови на услуга која е дадена.
0-45 дена услуга (50% од трошокот)
46 дена услуга и повеќе (0% од трошокот)

Со пополнувањето на овој формулар, потврдувам дека го прочитав документот кој ги содржи сите информации во врска со условите за автобускитранспорт, ветувам дека ќе ги сервисирам сите финансиски обврски по основ услугата и се согласувам со долунаведените услови од договорот заавтобуски транспорт. Со пополнувањето на овој формулар, потврдувам дека го прочитав документот кој ги содржи сите информации во врска со условите за автобуски транспорт, ветувам дека ќе ги сервисирам сите финансиски обврски по основ услугата и се согласувам со долунаведените услови од договорот за автобуски транспорт.

По пополнувањето, ве молиме да го доставите формуларот во Администрацијата на „НОВА“ (контакт: Ивана Стојнева ivana.stojneva@nova.edu.mk тел. број 3061-807 лок. 119).

# Услови од договорот за автобуски транспорт

1. Меѓународното училиште НОВА потпиша договор со компанија која врши транспортни услуги, со цел да им овозможи превоз на децата чиишто имиња се наведени во формуларот и чиишто родители побарале услуга во текот на наведената учебна година, во согласност со документот кој ги содржи условите за автобуски транспорт.
2. Превозот ќе се одвива со автобус во текот на сите училишни денови, врз основа на официјалниот календар на училиштето, и на место кое е најблизу до адресата наведена во овој формулар.
3. Услугата за транспорт можат да ја користат само ученици кои се запишале за оваа услуга. Тоа подразбира предавање на пополнетиот формулар, прифаќање на формуларот и извршено плаќање.
4. Училиштето, до одреден степен регулиран со закон, презема одговорност само при погрешен избор на компанија за превоз, односно компанија која не ги исполнува обврските.
5. Училиштето и компанијата за транспорт не преземаат никаква одговорност при доцнење на автобусот во исклучителни случаи или пропуштање на одредена станица. Од друга страна, пак, училиштето и компанијата за транспорт ќе вложат максимален напор за да овозможат ефикасна услуга во секое време.
6. Секој ученик треба да чека единствено на неговата назначена автобуска станица.
7. Ученикот на возраст од/под 12 години мора да биде придружуван и пречекан на соодветната станица од страна на родителот или друго овластено лице, секој училишен ден.
8. Ученикот треба да биде на станицата 5 минути пред пристигнувањето на автобусот.
9. Учениците мора да се однесуваат одговорно, во согласност со правилата на користење автобуски превоз поставени во секој автобус. Секое непочитување на правилата може да доведе до суспендирање на ученикот.
10. Училиштето го задржува правото на привремено или целосно суспендирање на ученикот од користење автобуски транспорт. Во тој случај, трошоците за транспорт нема да бидат рефундирани.
11. Родителите не треба да иницираат технички промени, како што е менување на локацијата на станицата и слично. Таквите барања треба да бидат директно упатени до компанијата која го врши транспортот.
12. Без дозвола од компанијата за транспорт, во автобусот не смеат да се превезуваат други лица освен ученици од училиштето.
13. Училиштето го задржува правото на менување на маршрутата, времето и паричниот надоместок за услугата со навремено известување на родителите.
14. При откажување од услугата, на родителите ќе може да им биде вратен дел од платените средства само во случај кога друг ученик ќе го преземе празното место во автобусот.
15. Во случај студентот да не може да користи транспорт поради активности кои вообичаено се одвиваат после училишните часови или се совпаѓаат со времето на превоз, паричните средствата не можат пропорционално да се поделат, т.е услугата се плаќа во целост.
16. Во случај на целосно или половично прогласување на некој од дадените услови за неважечки, не се нарушува валидноста на останатите услови.
17. Валидноста и ефектот од овој договор се образложени во согласност со законите на Р. Македонија. Во случај на судски спор, Основниот граѓански суд во Скопје има целосна надлежност.

Долупотпишаниот родител/старател се согласува на сите заеднички права наведени во овој договор.

______________________________ _________________________________

Родител/старател Датум

______________________________

Никола Смилков (Застапник на транспортната компанија)